ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 13.11.2017 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски – заменуван од Виш соработник за локален економски развој, земјоделие и регионална соработка Валентина Ангеловска, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски и Виш Соработник Биљана Тасевска.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Градоначалник**

Известување во врска со остварена средба со Министерот за транспорт и врски и заклучоците кои произлегле од истата.

Известување во врска со остварена средба со Директорот на Агенцијата за млади и спорт и заклучоците кои произлегле од истата.

Известување во врска со претстојна средба со потенцијални инвеститори од Белгија во делот на градежната инфраструктура.

Задолжение до Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија за отпочнување на постапка за организирање на иницијален состанок за формирање на Сојуз на спортови на ниво на Општината.

Задолжение до Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија за отпочнување на постапка и објавување на конкурс за најубаво украсен двор на ниво на Општината.

**Одделение за финансиски прашања**

Дадена е информација и писмен преглед на влез на предмети во самото одделение..

Дадено е задолжение за наредниот колегиум ова одделение да реферира по однос на танкирано гориво во сите службени возила и помината километража врз основа на патни налози за изминатата година и да се даде детален преглед и пресек на потрошувачката на гориво за овој период.

Дадена е информација во врска со тековната подготовка на Ребалансот на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2017 година.

Дадена е информација во врска со отпочнување со постапка за издавање на опомени за плаќање на данок на имот на сите даночни обврзници кои не ја исполниле таквата своја обврска во континуиран подолг временски период.

Дадена е информација во врска со отпочнување со постапка за издавање на опомени за плаќање на комунална такса на сите обврзници кои не ја исполниле таквата своја обврска во континуиран подолг временски период.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Дадена е информација во врска со јавната набавка за новогодишно украсување, согласно со планот за јавни набавки.

Дадена е информација во врска со тековни активности поврзани со изготвувањето на Програмата за 2018 година.

Дадена е информација во врска со изготвена анализа од страна на ова Одделение која ги вклучува сите постоечки локации на кои се лоцирани селските гробишта.

Дадено е задолжение до ова одделение да реализираат средба и разговор со претставници на EVN Македонија АД заради преземање адекватни мерки за подобрување на напонската состојба и целокупната електрична мрежа во руралните средини.

Дадена е информација во врска со тековните активности за изготвување на Програма за јавно зеленило за 2018 година (во соработка со ЈП Комуналец).

Дадена е информација во врска со ревидиран проект за изградба или реконструкција на тротоари на потегот Петља – Мотел, со тоа што да бидат опфатени и левата и десната страна, а во вкупна должина од 5 км.

Истакната е потребата од воспоставување на Катастар на подземна инсталација (во соработка со Министерството за транспорт и врски и ЈП Комуналец).

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дадена е информација во врска со направено согледување за предвидени паркинг места по должината на главната улица, но и на поедини локации на споредните улици во централното градско подрачје, како и потребата за обележување на таквите паркинг места.

Дадена е информација во врска со проект - решение за автобуска постојка кај местото викано МИНИ МАРКЕТ.

Изготвена е листа за издадени лиценци на такси превозници.

Дадена е информација во врска со потребата од продолжување на постапката за поставување на табли со куќни броеви и табли со назив на улиците и формирање на екипи за реализација на самата постапка (во соработка со ЈП Комуналец).

Дадено е задолжение за изнаоѓање на законска можност за воведување и наплата на такса за користење на локална патна инфраструктура на товарни возила кои што надминуваат одредена носивост и тежина (Контрола на носивост), со изнаоѓање можност за склучување Договор за соработка за користење на соодветна вага.

Дадена е информација во врска со иницирање на постапки за отстапување на градежно земјиште во државна сопственост, заради изградба на објекти од малостопанството.

Побарана е информација за утврдување на локации за две кошаркарски игралишта од мал обем (за баскет) и една локација за поставување на фитнес опрема.

Наметната е потребата од изнаоѓање начин за финансирање на изработката на нов ГУП со финансиски средства од Министерството за транспорт и врски на РМ.

Дадена е иницијатива за подготовка и поставување на табли на патиштата кон сите рурални средини, поставување на табли за истакнување на некролози во самото градско

подрачје, како и поставување на културни информатори во руралните средини (на влезовите на селските училишта, домови и слично).

## Одделение за човечки ресурси

Дадена е информација во врска со изготвувањето на интерни процедури во рамки на самото Одделение, со презентација на Интерната процедура за управување со ефект (оценување) на административните службеници и подготовка на Интерна процедура за постапка за вработување.

Дадена е информација во врска со изготвени и дистрибуирани идентификациони картици на сите вработени.

Дадена е информација во врска со подготовката на потребната документација за организирање и одржување на средби на граѓаните заради формирање на Совети на урбаните и месните заедници.

Дадена е информација во врска со тековни управни спорови заведени пред Управниот суд врз основа на тужби од страна на Општина Крива Паланка за несовпаѓање на податоци со дигиталниот катастар.

Дадена е информација во врска со подготовката на Упатство за работното време, отсуства од работа, паузи и одмори и истото да биде дистрибуирано до сите Раководители на Одделенија.

## Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Дадена е информација во врска со тековни проектни апликации.

Дадена е информација во врска со кампањата за подобрување на фискалната дисциплина, преку официјалната веб страна на Општината.

Дадена е информација во врска со постапата за добивање на ISO сертификати и отпочнување на самите процедури.

Задолжение за подготовка на Програма за НВО и начин на аплицирање и избор на проектни апликации.

**Одделение за правни и општи работи**

Дадено е известување во врска со тековни работи, потреби и активности во рамки на самото одделение.

Нагласена е потребата од назначување на членови на УО и НО во Еко зона - Куманово.

**Одделение за инспекциски надзор**

Дадена е информација во врска со вонреден инспекциски надзор и извршени 24 увиди со инспекција, а заради решавање на предмети по барање на граѓани.

Дадена е информација во врска со отпочната постапка за отстранување на хаварисани возила во урбаното градско подрачје.

Истакнато е барање од страна на ова одделение за реактивирање на комуналните редари и нивна засилена теренска активност.

Истакнато е барање од страна на ова одделение за поголема координација со ПС Крива Паланка заради поддршка на инспекциската служба при вршење на редовните работи.

Дадена е информација во врска со дефектот на две возила за собирање на комунален отпад на ЈП Комуналец и предлози за решавање на проблемот.

Дадена е информација во врска со потребата и подготовките за чистење на дивите депонии (во соработка со ЈП Комуналец).

Истакната е потреба од страна на ова одделение, во секое време да имаат на располагање барем едно возило и тоа во случаите при вршење на инспекциски надзор кај дивоградби.

**ЈП Комуналец**

Дадена е информација во врска со тековното собирање на комунален отпад во урбаното градско подрачје и наметната е потребата за проширување на опфатот и во руралните средини.

Наметната е потребата од поставување на садови за отпад во руралните средини и дислокација на контејнери за комунален отпад од определени локации и нивно поставување на други локации.

Наметната е потребата од воспоставување на катастар на подземни инсталации.

Дадено е известување за други тековни активности, проблеми и потреби.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација во врска со тековни проектни апликации за JOYFEST, Фолклорниот фестивал „Св.Јоаким Осоговски“ и Театарскиот фестивал, како и за новогодишен музички хепенинг.

Истакната е потребата од решевање на тековен проблем во врска со затоплувањето во салата во ЛУ Градски Музеј.

**Разно**

Заклучок: Лоцирање на простории и отстапување на истите на користење без надомест на НВО кои имаат потреба од просторни услови.

Заклучок: Изготвување на промотивен материјал по повод новогодишните празници, плакети за заслужни граѓани и слично.